# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.110296/5 од 21 јуни 2018 год., донесена на 163. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржан на 19 јуни 2018 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *социјално право* на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 6 јуни 2018 год. и во предвидениот рок се пријави проф. д-р Билјана Тодорова, доктор на правни науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Билјана Тодорова** е родена на 8.10.1980 година во Скопје. Средно училиште завршува во ДСУ „Арсени Јовков“, со одличен успех.

Во 2002 година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, каде што дипломира со просечен успех 9,40.

Во 2006 година се запишува на постдипломските студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ, насока Менаџмент на човечки ресурси и истите ги завршува со успек 9.25. Магистерската теза под наслов „Заштита на правата на работниците како значајна компонента во остварување на деловните активности на работодавачот“, под менторство на проф. д-р Наташа Габер, ја пријавува во 2007 година и истата е одбранета на ИСППИ во октомври 2008 год. со што се стекнува со звање магистер по човечки ресурси.

Во декември 2008 година ја пријавува докторската дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во јануари 2012 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје ја одбрани докторската дисертација под наслов „*Начелото право на работа и слобода на работа*“, под менторство на проф. д-р Тодор Каламатиев.

По дипломирањето во периодот од 2006 до 2008 година работи како помлад асистент на Првиот приватен Универзитет - Европски универзитет во Скопје, каде што е избрана за соработник по предметот Трговско право. За тој период држи вежби и по предметите Меѓународно трговско право, Трудово право, Наука за управата, Административно право и Службенички системи.

Во ноември 2008 година е избрана за асистент по предметите Трудово право и Трговско право на Факултетот за правни науки при истиот Универзитет.

Во април 2012 година е избрана за доцент на Факултетот за правни науки при Европски универзитет - Република Македонија, на група предмети од областа трудово право.

Во мај 2016 година е избрана за вонреден професор на Факултетот за правни науки при Европски универзитет - Република Македонија, на наставно-научната област трудово право.

Во текот на својот академски ангажман на Факултетот за правни науки при ЕУРМ изведувала настава (предавања и вежби) на прв циклус студии по следните предмети: Вовед во правото, Уставно право, Трудово право, Трговско право. Изведува настава и на втор циклус студии по предметите Меѓународно трговско право, Право на индустриска сопственост и Право на друштва.

Одлично го владее англискиот јазик и компјутерските вештини (Windows XP; Microsoft Word, Excel, Internet Explorer).

Автор е на три учебници (Трудово право, Трговско право и Меѓународни трговски договори), коавтор на три збирки авторизирани предавања (Семејно и наследно право, Трговско право, Меѓународно трговско право и Социјално право) и петнаесетина стручни и научни труда од обласга на правото. Била член на организациски одбор на меѓународни конференции, има учествувано во два реализирани истражувачки проекта, како и учество на повеќе меѓународни конференции и семинари.

Во рамките на академските активности ја вршела функцијата продекан за настава на Факултетот за правни науки при Европскиот универзитет - Република Македонија (период од 2013 до 2017 година).

Со одлуки на Наставно-научниот совет  е избрана за член на Универзитетскиот сенат на Европскиот универзитет - Република Македонија и  претседател на Комисија за признавање на испити на Факултетот за правни науки при Универзитетот.

Во своето досегашно работење била член на комисии за одбрана на докторски дисертации на тројца кандидати, ментор на магистерски трудови на четворица кандидати, член на комисии за одбрана на магистерски трудови на 52 кандидати и повеќе пати ментор и член на комисии за одбрана на дипломски работи.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

1. *Доцент од научната област во која се избира:*

Кандидатката Билјана Тодорова е доктор на правни науки, со одбранета докторска дисертација на тема „Начелото право на работа и слобода на работа“. Во мај 2012 година е избрана во звење доцент по група предмети од наставно-научната област трудово право на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Република Македонија.

Во декември 2016 год. е избрана во наставно-научното звање ***вонреден професор*** од областа трудово право на Факултетот за правни науки при Европски универзитет – Република Македонија, Скопје.

*2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години.*

Информации за оваа точка:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Тодорова Б. (2016) | Договорот за вработување во практиката | Шеста меѓународна научна конференција „Можното, реалното и виртуелното во современиот свет“, Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, 349. 22 : 331. 106 ] – 027. 22. ISBN 978-608-4574-74-3. | 2006 |
| 2 | Тодорова Б., Андревски Ж. (2016) | Вработените како елемент на маркетингот | Трета меѓународна маркетинг конференција (ISCMMA’16), „Практични искуства и развивање идеи за улогата на маркетингот во бизнисот“, 658.8 : 331.101, Македонско меѓународно списание за маркетинг “MARKETING“, Скопје, ISSN 1857 -99787. | 2004 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Тодорова Б. (2016) | Улога на државната изборна комисија во изборниот процес | Општествените димензии на изборниот процес – примерот на Република Македонија, Научноистражувачки проект, Европски Универзитет - Република Македонија, 342. 846 (497. 7) | 2016 |
| 4 | Тодорова Б. (2015) | Споредбена анализа на клаузулата за конкуренција во договорите за вработување | International Scientific Conference, “New Space in Art and Science“, European University-Republic of Macedonia, Skopje, 29th of June 2015, ISBN 978-608-4574-72-9. | 2004 |
| 5 | Тодорова Б. (2014) | Право на странците да стапуваат во работни односи во Република Македонија | Четврта меѓународна научна конференција “Науката и општествениот развој“, ЕУРМ, Скопје, ISBN 978-608-4574-62-0. | 2006 |
| 6 | Тодорова Б., Андревски Ж (2016) | Уставното судство – заштитник на релниот или на формалниот уставен акт | Шеста меѓународна научна конференција, „Можното, реалното и виртуелното во современиот свет“, Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, 347. 994 : 342. 4 (497. 7), ISBN 978-608-4574-74-3. | 2006 |
| 7 | Тодорова Б., Андревски Ж. (2015) | Законските основи за рекламирање производи и услуги (заведувачко и споредбено рекламирање) | 659.11:340.13(497.7), International Scientific Conference „The new marketing challenges – theory and practice“, Macedonian Marketing Association „Marketing“ Skopje, 12 and 13 February 2015, ISSN 1857-9795. | 2004 |
| 8 | Тодорова Б., Андревски Ж. (2015) | Карактеристики на маркетинг активностите на трговецот поединец | 658.8:334.722.1(497.7), International Scientific Conference „The new marketing challenges – theory and practice“, Macedonian Int Jurnal “MARKETING“, Macedonian Marketing Association „Marketing“ Skopje, 12 and 13 February 2015, ISSN 1857-9795. | 2004 |
| 9 | Тодорова Б., Андревски Ж. (2015) | Истражување на политичкиот процес при претседателски избори (од аспект на уставните и законските решенија) | International Scientific Conference, “New Space in Art and Science“, European University-Republic of Macedonia, Skopje, 29th of June 2015, ISBN 978-608-4574-72-9. | 2006 |
| 10 | Todorova B., Kozarev A. (2015) | Managing local security – case study: Republic of Macedonia | Savremeni trendovii kvalitet u upravljanjuljudskim resursima, Zbornik radova, Visoka škola strukovnih studija za ekonomiju i upravu Centar za ekonomska istraživanja (CEIB) Beograd, ISBN 978-86-86745-55-2. | 2002 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Тодорова Б., Андревски Ж. (2014) | Предизвици на правната наука во Република Македонија | Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој“, ЕУРМ, Скопје, ISBN 978-608-4574-62-0. | 2006 |

- Има рецензирана скрипта по предметот за кој се избира од соодветната научна област – Социјално право (образложение во натамошниот текст);
- Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнување во примената на научноистражувачките резултати (наведени податоци подоцна);
- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници (информации во прилог);
- Покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност (образложение во натамошниот текст);
- Позитивна оцена од самоевалуацијата (прилог – извод од извештај од самоевалуација).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката Билјана Тодорова својата наставно-образовна дејност ја започнува во 2006 година, кога е избрана во соработничко звање помлад асистент по предметот Трговско прао на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет Република Македонија – Скопје (Одлука бр.0306/039 од 21.2.2006 год.). Од 2006 година работи како помлад асистент на Факултетот за економски науки на истиот Универзитет, реализирајќи вежби по предметитеТрговско право и Меѓународни трговски договори.

Во 2007 година е избрана за помлад асистент на Факултетот за јавна администрација при истиот Универзитет по предметите Административно право и Наука за управата. По магистрирањето, во 2008 година е избрана за асистент на Факултетот за правни науки по предметот Трудово право, а истовремено држи вежби и по предметите Трговско право, Меѓународно трговско право, Административно право, Службенички системи и Семејно и наследно право. Истовремено на Факултетот за економски науки при ЕУРМ држи вежби по предметот Трговско право.

Со Одлука бр. 02-920/1 од 7.6.2012 година е избрана во наставно-научно звање *доцент* по наставно-научната област трудово право на Факултетот за правни науки во состав на Европски универзитет – Република Македонија. По изборот во звањето доцент изведувала настава и вежби на првиот циклус на студии по предметите Вовед во правото, Уставно право, Трудово право и Трговско право. На вториот циклус на студии изведувала настава и вежби по предметите Меѓународно трговско право, Право на индустриска сопственост и Право на друштва.

Со Одлука бр. 02=37/1 од 13.1.2017 година е избрана во наставно-научно звање *вонреден професор* по наставно-научната област трудово право (фраскатиева класификација 50805) на Факултетот за правни науки при Европски универзитет – Република Македонија. По изборот во звањето вонреден професор изведувала настава и вежби на првиот циклус на студии по предметите Вовед во правото, Уставно право, Трудово право и Трговско право. На вториот циклус на студии изведувала настава и вежби по предметите Меѓународно трговско право, Право на индустриска сопственост и Право на друштва. Во рамките на своето работење на Универзитетот, кандидатката изведува предавања и вежби по предметот Вовед во право на Факултетот за детективи и криминалистика (Одлука бр.02-10007/1 од 15.9.2015 год. и Одлука бр.02-867/1 од 30.9.2016).

За потребите на наставно-образовната дејност, кандидатката проф. д-р Билјана Тодорова има издадено три рецензирани учебници и една рецензирана скрипта и практикум за вежби по предметот Социјално право (што е и еден од условите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип).

*Евалуација на објавените книги, учебници и учебни помагала, научни и стручни трудови на кандидатката проф. д-р Билјана Тодорова*

*При изборот во наставно-научното звање доцент, кандидатката ги приложила и се вреднувани следниве учебници, учебни помагала, научни и стручни трудови:*

1. „Трговско право“ (во коавторство), учебник за студентите на Факултетот за економски науки и Факултетот за правни науки при Првиот приватен универзитет - Европски универзитет – Република Македонија, 2007, ISBN: 978-9989-184-30-7.
2. „Меѓународни трговски договори“ (во коавторство), учебник за студентите на Факултетот за економски науки при Првиот приватен универзитет - Европски универзитет – Република Македонија, 2007, ISBN: 978-9989-184-31-4.
3. „Заштита на правата на работниците како значајна компонента во остварување на деловните активности на работодавачот“, магистерски труд, 2008.
4. „Управување со човечки ресурси – некои нормативни аспекти“, статија, стручно списание Правник, број.193, 2008.
5. „Анализа на остварување на правата на работниците пред надлежните државни органи“, стручен труд, зборник на трудови, Прв приватен универзитет - Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, 2008.
6. „Семејно и наследно право“ (во коавторство), авторизирани предавања, Прв приватен универзитет – Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, 2009.
7. Трговско право (во коавторство), авторизирани предавања, Прв приватен универзитет – Европски универзитет – Република Македонија, Скопје – изменето и дополнето издание на учебникот „Трговско право“, објавен во 2007 год., 2010.
8. „Начелата право на работа и слобода на работа“, докторски труд, 2012.

*При изборот во звањето вонреден професор, проф. д-р Билјана Тодорова ги приложила и се вреднувани следниве учебници, учебни помагала, научни и стручни трудови:*

*1. „Остварување на правото на работа и слободниот избор на вработување во услови на криза“ – Меѓународна научна конференција, „Лицата на кризата“, Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, 2012, ISBN 978-608-4574-47-7.*

Темата на трудот е во суштина сместена во т.н. мултидисциплинарни легла (или инкубатори) на нејзиното стручно и научно проучување. Сложеноста на проблематиката во врска со правото на работа и слободата на работа ја наметнува потребата авторот да направи нивна претходна правна анализа и да ги разграничи различните сфаќања за овие права, особено затоа што во теоријата и законодавството им се даваат различни значења.

И покрај големиот број на акти, повеќето меѓународни, отколку национални, со кои се гарантираат овие права, авторот потенцира дека во практиката постојат многу бројни примери на нивно кршење. Најсериозен проблем кој силно ја стеснува можноста за нивно остварување, секако, е појавата на невработеноста. Покрај невработеноста, авторот ги спомнува и проблемот на нефлексибилноста на работната сила како и проблемот со несоодветни квалификации и кај младите и кај постарите лица кои бараат вработување.

Како опозит на остварувањето на правото на работа и слободниот избор на вработување, авторот вели дека во реалноста се манифестираат низа општествено-социјални патолошки појави, или со закон предвидени ограничувања во нивното остварување, како присилната работа, дискриминацијата, забраната за конкуренција и прави солидно нивно „згуснато“ разјаснување.

Со анализата на иднината на овие права во контекст на актуелните глобални трендови трудот добива заокружена целина. Истиот претставува самостоен научен труд во кој на академски прифатлив начин се елаборора значајна и исклучително комплексна материја.

*2.MOBING IN LABOUR LEGISLATION OF REPUBLIC OF MACEDONIA VS. THE REGULATION OF THE EUROPEAN UNION COUNTRIES, Evrodijalog No.16, 2012, ISSN 1857-8136.стручен труд (објавен на англиски јазик).*

Во трудот се анализира појавата на мобингот, се дава критички осврт на сегашните законски решенија од оваа област и се согледува колкава е неговата распространетост во Република Македонија. Притоа се дава преглед на правното регулирање на мобингот во земјите членки на Европската Унија, како и појавата на мобингот во практиката. Идејата на трудот е да се иницираат натамошни натамошни промени во функција на подобрување

на тековната легислатива во Република Македонија, со која би требало да се создаде атмосфера за превенирање од мобинг, информирање и едукација на вработените, да се даде до знаење дека секоја појава која се однесува на психолошко малтретирање не претставува мобинг, да се донесе етички кодекс во претпријатијата и да се утврдат видовите мобинг. Ова ќе значи подигање на нивото на заштита на правата од работниот однос, како дел од севкупните човекови права во Република Македонија, поголема хуманизација на односите на работното место, како и придонес за градење здраво општество.

*3. „Предизвиците на правната наука во Република Македонија“ (во коавторство), Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој“, ЕУРМ, Скопје, 2014, ISBN 978-608-4574-62-0.*

Трудот ја развива теоријата за основните гранки на правото (уставно, граѓанско, управно и казнено), во согласност со достигнувањата на правната теорија во земјите на Европската Унија и англосаксонското подрачје.

Понатаму во трудот се изложени теоретски промислувања за односот на правото на Република Македонија со правото на Европската Унија врз основа на сегашниот сооднос меѓу правото на ЕУ и националните права и практиката што настанува во рамките на ЕУ.

Во посебен дел теоријата на правото се комбинира со теоретските достигнувања во економските науки, политичките науки, социологијата, етиката и медицинските науки во поширока смисла.

*4. „Право на странците да стапуваат во работни односи во Република Македонија“, Четврта меѓународна научна конференција „Науката и општествениот развој“, ЕУРМ, Скопје, 2014, ISBN 978-608-4574-62-0.*

Во трудот се презентира преглед на национална правна рамка за вработувањето и работата на странци. Се укажува и на компатибилноста и усогласеноста на домашното законодавство со соодветното кое се применува во рамките на Европската Унија, во услови на пазарна економија. Се презентираат основите на политиката за вработување и работа на странци, условите за издавање на дозволите за работа, видовите на дозволите за работа, како и постапката за нивно издавање. Предмет на анализа се и можните оправдувања за ограничување на бројот на странци на пазарот на трудот во земјава,понатаму условите за прекугранично давање на услуги од странски компании, преку упатување на работници во филијали и здруженија на странски компании во Република Македонија, сезонската работа на странците, како и работата на странски претставници во компании и самовработување на странски државјани во Република Македонија. Дадени се одговори и на други прашања во врска со работата на странците, надзорот, евиденцијата, заштитата на правата од работен однос и сл.

*5. „Законски основи за рекламирање производи и услуги (заведувачко и споредбено рекламирање)“, (во коавторство),659.11:340.13(497.7), International Scientific Conference „The new marketing challenges – theory and practice“, Macedonian Marketing Association „Marketing“ Skopje, 12 and 13 February 2015, 2015, ISSN 1857-9795.*

Трудот ги толкува и пошироко ги анализира законските одредби за заштитата на правата на потрошувачите во делот на рекламирањето на производите и услугите, конкретно за законските категории заведувачко и споредбено рекламирање.

Законските одредби ги дефинираат овие поими и ја регулираат постапката и одговорноста доколку со презентирањето на производите и услугите може да се доведе во заблуда лицето на кое му се обраќаат со рекламните содржини и негативно да го определи неговото економско однесување. Во однос на споредбеното рекламирање, законот предвидува забрана за однесување кое ја нарушува конкуренцијата на пазарот.

Во текстот се наведуваат и појавните облици на заведувачко и споредбено рекламирање во економскиот и медиумскиот простор на Република Македонија.

*6. „Карактеристики на маркетинг активностите на трговецот-поединец“, 658.8:334.722.1(497.7), International Scientific Conference „The new marketing challenges – theory and practice“, Macedonian Int Jurnal “MARKETING“, Macedonian Marketing Association „Marketing“ Skopje, 12 and 13 February 2015, 2015, ISSN 1857-9795.*

Во трудот накусо е направена елаборација на предностите и недостатоците во маркетинг активностите на трговецот поединец, како физичко лице кое врши занимање и остварува

профит од помал обем, при вршење на оваа, и за него, значајна активност. Вообичаено кога се зборува за маркетинг активности се поаѓа од фактот дека нив ги организираат посложени субјекти, како организации, институции, трговски друштва, корпорации. Кога станува збор за трговецот поединец, физичко лице, кое самостојно трајно врши трговска дејност, неговиот правен субјективитет му диктира маркетинг активностите што ги презема да ги приспособи кон неговото работење, неговите организациони, финансиски и други можности. Според тоа, тој, од една страна е принуден да практикува маркетинг активност, а од друга страна да ги бира оние форми што ќе бидат најповолни и најфункционални за него како во поглед на посакуваниот ефект, така и во поглед на трошоците што треба да ги направи, и во однос на изборот на медиумите и публиката на која и се обраќа. Сепак, постои простор трговецот-поединец да остварува маркетинг активности кои би имале позитивно влијание врз резултатите од неговото работење.

*7.„Споредбена анализа на клаузулата за неконкуренција во договорите за вработување“, International Scientific Conference, “New Space in Art and Science“, European University-Republic of Macedonia, Skopje, 29th of June 2015, 2015, ISBN 978-608-4574-72-9.*

Во трудот се анализира клаузулата за неконкуренција во легислативата на одделни европски земји, како облик на ограничување на правото на работа и слободен избор на вработувањето. При склучувањето на договорот за вработување, во одделни дејности или на специфични работни места, работодавачот и работникот можат да договорат забрана на конкуренција. Ваквата забрана може да се однесува за времетраењето на работниот однос или по неговиот престанок. Забраната за конкурентско дејствување на работникот се среќава под името конкурентски клаузули, клаузули за неконкуренција, рестриктивни договори, договори за неконкуренција и сл. Нејзината честа употреба во современото трудово законодавство е неспорна, со различни модалитети, условена од потребата од заштита на одредени интереси на работодавачот.

*8. „Истражување на политичкиот процес при претседателски избори (од аспект на уставните и законските решенија)“ (во коавторство),International Scientific Conference, “New Space in Art and Science“, European University-Republic of Macedonia, Skopje, 29th of June 2015, 2015, ISBN 978-608-4574-72-9.*

Предмет на елаборација на овој труд се одделните фази од изборниот процес за претседател на државата (кандидирање, кампања, гласање), но не и белезите (квалитетот и компонентите) на извршувањето на функцијата од страна на нејзините конкретни носители. Функцијата претседател на Републиката во уставниот и политичкиот систем на Република Македонија е воведена со амандмани на Уставот на СРМ од 1974 година, претежно како церемонијална функција што е потврдено и со фактот дека го избираше Собранието на СРМ, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Целосно етаблирање на оваа функција беше воспоставено со Уставот на РМ од 1991 год., донесен на 17 ноември и прогласен на 21 ноември истата година. Во изминатите дваесетина години, врз основа на уставните одредби, се одржаа пет изборни циклуси за претседател на Република Македонија (во 1994, 1999, 2004, 2009 и 2014 година).

*9.MANAGING LOCAL SECURITY - CASE STUDY: REPUBLIC OF MACEDONIA, (во коавторство, објавен на англиски јазик). Savremeni trendovii kvalitet u upravljanjuljudskim resursima, Zbornik radova, Visoka škola strukovnih studija za ekonomiju i upravu Centar za ekonomska istraživanja (CEIB,)Beograd, 2015, ISBN 978-86-86745-55-2.*

Предметот на трудот е од клучно значење за успешно функционирање на локалната самоуправа во Република Македонија и придонесува за зајакнување на соработката меѓу локалната самоуправа и локалната полиција преку зајакнување на капацитетите на моделот на полициска работа во заедницата. Во трудот се истакнува дека реформирањето на целиот општествен систем предизвикан од нов сет на вредности, изведен со уставните измени кои ја одбележаа независноста на Република Македонија ги погоди и секторите за безбедност и одбрана. Целта на реформата на македонската полиција, како потсистем на безбедносниот сектор беше да се изгради една институција во согласност со европските стандарди, институција во која граѓаните имаа доверба, која е одговорна и контролирана. Процесот на реформирање и овозможи на полицијата да започне со користење на нова методологија на работа, што е во согласност со најдобрите практики на европските полициски сектори

и нивните заеднички стандарди. Во трудот посебно се нагласува значењето на принципот на полициско работење во заедницата, што значи посеопфатна и понагласена соработка на полицијата со локалните заедници, со заедничка идентификација на проблемот и проактивен однос кон изнаоѓање на решенија. Како резултат на тоа, овој принцип и овозможи на полицијата за прв пат да се фокусира на превенција, факторите и причините за криминално однесување во локалните заедници. Во исто време, има значителна промена во перцепцијата на полициските службеници за нивната улога во спроведување на законот.

*10.„Дали на Република Македонија и треба нов Устав“ (во коавторство), Втора меѓународна научна конференција, „Општествените промени во глобалниот свет“, Штип, 2015, ISBN 978-608-244-229-7.*

Во трудот се анализира дали на Република Македонија ѝ треба донесување на нов устав, во смисла на единствен кодифициран акт, со оглед на тоа што сегашниот Устав од 1991 година е многу често дополнуван со амандмани и дека на тој начин е многу тешко да се следи што се содржи сега уставната материја. Евентуалниот нов уставен акт треба да ги користи искуствата од досегашното менување и дополнување на Уставот на Република Македонија и повеќе да се насочи кон донесување на принципиелни решенија што се приспособени и содржат карактеристики на уставна материја, наместо да содржи решенија што би биле карактеристични за пониски правни акти. Кога Уставот содржи премногу конкретизирани решенија, поради промените кои ги наметнува животот, се јавува потребата за чести промени, а уставниот акт не треба толку често да се менува. Тој треба да ја содржи уставната рамка која се конкретизира и нормативно разработува со пониски правни акти. Доминантен став е дека на Република Македонија ѝ треба нов Устав кој ќе го определи вкупното општествено живеење како мултиетничко општество, држава во која власта се остварува преку граѓаните и со различни механизми на демократско владеење и дека сите искуства што треба да се вградат, да се користат најмногу во однос на тоа дека Република Македонија има трајна определба и аспирации да биде дел на Европската Унија.

*11.DISCRIMINATION IN MACEDONIA: POSITIVE NORMS - NEGATIVE PRACTICE, (во коавторство, трудот е подготвен на англиски јазик, во печат), „Dignitas: The Slovenian Journal of Human Rights“, The Graduate School of Government and European Studies at Brdo pri Kranju (Slovenia) in collaboration with the European Faculty of Law at Nova Gorica (Slovenia), 2018.*

Во трудот се елаборира примената на Европската конвенција за човекови права во Република Македонија во делот кој се однесува на забрана на дискриминација. Оттаму, се обработуваат општите социјални услови во земјата, кои на некој начин произведуваат услови, состојби и процеси на дискриминација. Покрај тоа, се анализираат правните претпоставки и институционални механизми за спречување на појавите на дискриминација во земјата. Претставени се конкретни случаи на дискриминација на индивидуите и групите по различни основи (политичко мислење, етничка припадност, полова структура, маргинализирани групи итн.).

*12. RELATIONS BETWEEN THE EUROPEAN UNION AND THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN LIGHT OF DISPUTE WITH GREECE, (во коавторство, подготвен на англиски јазик, во постапка на рецензрање), 2018.*

Тема на овој труд е деценискиот спор за името на Република Македонија кој е настанат во односите меѓу Република Грција и Република Македонија, две соседни земји во Југоисточна Европа, сместени на Балканскиот Полуостров. Уставното име на Република Македонија го оспорува Република Грција со наведување аргументи дека поимот Македонија е многу поширок и во географска и во историска смисла и дека сегашната држава Република Македонија не може да биде ексклузивен носител на тоа име. Поради меѓународниот статус на Република Грција, која е постојана членка на воено-политичката алијанса, НАТО пактот, и постојана членка на Европската Унија, таа е во состојба да го спречува приемот на Република Македонија во воениот блок и во Европската Унија без да се разреши спорот за името. Под покровителство на организацијата на Обединетите нации веќе две децении се водат преговори за изнаоѓање на решение за името кои досега не дадоа резултат. Земјите членки на Европската Унија во која Република Македонија се стреми да биде постојана членка, врз основа на претходно постигнати договори, под притисок на Република Грција,

со оглед на фактот што одлуките во Унијата се доснесуваат со консензус, останувaат на ставот дека Република Македонија може да ги започне преговорите за влез во Унијата кога ќе биде разрешен спорот за името со Република Грција. Во трудот е даден преглед на досегашните односи меѓу Република Грција и Република Македонија и се понудени можни варијанти за разрешување на овој спор.

*13.„Уставното судство – заштитник на формалниот или на реалниот уставен акт“ (во коавторство), Шеста меѓународна научна конференција, „Можното, реалното и виртуелното во современиот свет“, Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, 2016.*

Во трудот попрецизно се елаборира дали активноста/дејноста на уставниот суд има компоненти и дејство со кои ќе оневозможи реален устав многу поразличен од формалниот акт. Вообичаено е размислувањето дека уставното судство ја остварува својата улога со оценка и став за уставноста и законитоста на определен број правни акти и политички документи.Истражувачки гледано и на подолгорочен период анализирано може да се дебатира и за тоа дали уставниот суд може да спречи заживување и реално постоење на друг устав во однос на формалниот уставен акт. Историјата познава ситуации во кои уставот сам по себе е демократски, либерален, соодветен за слобода во општеството, а во реалниот живот, всушност, да биде целосно неприменет или да постои само на хартија.

*14.„Договорот за вработување во практиката“, Шеста меѓународна научна конференција „Можното, реалното и виртуелното во современиот свет“, Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, 2016.*

Основна цел на трудот е да ги елаборира односите меѓу одредбите кои се содржат во договорите за вработување (како битни елементи при засновањето работен однос на лицата со соодветните работодавачи) и нивната примена во практиката. Со договорите за вработување се утврдуваат/прецизираат најнепосредните права и обврски на работодавачот и вработениот. Некои од тие прашања се стандардизирани, а други се специфични за конкретниот работен однос (во компанија, установа, организација). Почести се случаите кога на непочитување/непримена на одредбите од овие договори се жалат вработените/поединците за што сведочат судските постапки и процеси, информациите од синдикални организации, констатациите и укажувањата од народниот правобранител, како и информациите во медиумите. Во студијата се анализираат елементите во приговорите, во тужбените барања и во официјалните посочувања кои се однесуваат на прекршувања на договорите за вработување.

*15. „Вработените како елемент на маркетингот“ (во коавторство), Трета меѓународна маркетинг конференција (ISCMMA'16), „Практични искуства и развивање идеи за улогата на маркетингот во бизнисот“, 658.8 : 331.101, Македонско меѓународно списание за маркетинг “MARKETING“, Скопје, 2016, ISSN 1857 -99787.*

Темата што се елаборира во овој труд произлегува од сфаќањето/потребата да се афирмира бројот и структурата на вработените во даден систем заради негова репутација, но и за постигнување на маркетиг ефекти. Од една страна гледано, афирмирањето на структурата и квалитетот на вработените и нивното практично однесување можат да се сметаат повеќе за составен дел на односите со јавноста на организацијата/претпријатието, но од друга страна, тоа може да има, и сигурно има маркетиншки димензии и може да се вгради во маркетиншките цели. Трудот се концентрира на анализа на афирмацијата на работниот состав на економските субјекти кои работат врз комерцијална основа, што значи дека не ги третира тие прашања кои би се однесувале на државни установи и органи, на политички организации и субјекти, на граѓански облици на поврзување и организирање.

16. „*Правна сигурност на работниот однос како фактор за избор на работното место, односно за засновање на работниот однос*“ - Работилница на тема „Каква работа посакувам на каква се надевам“ - ЕУРМ, Скопје, 2017 – на работилницата се добија сознанија за размислувањата за конкретната тема, поттикнување за соочување на желбите и можностите, помош во насочувањето, проверка дали меѓу младите е познато дека е убаво да го работиш тоа што го сакаш, но е потребно и да го сакаш тоа што го работиш. Понатаму се поставува прашањето колку прописите од областа на работните односи се предвидливи во својата примена, за да го исполни стандардот на „законитост“ кој

е темелна основа за остварување на правата и слободите на граѓаните. Овој правен принцип утврден со Европската конвенција за заштита на човековите права, покрај другото, бара сите закони да бидат доволно прецизни за да поединецот знае кои ќе бидат прописите кои се применуваат за одреден временски период и забрана за ретроактивна примена на прописите. Предуслови за исполнување на барањата за правна сигурност се во потребата законодавството да биде усогласено и законите да бидат униформирани, прецизни и јасни. Ова пак доведува до прашањето колку правната сигурност односно добра правна рамка е важен предуслов за избор на конкретно работно место.

Учебници и учебни помагала

17. „*Трудово право*" – Европски универзитет - Република Македонија, Скопје, Македонија; 2014, ISBN 978-608-4574-60-6. Со Одлука од 93. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, во состав на Европскиот универзитет-Република Македонија, одржана на 9.1.2014 год. Трудот е одобрен како постојан учебник по предметот Трудово право.

18. „*Меѓународни трговски договори*", Скопје, 2014 – авторизирани предавања, кој се користи како материјал за подготовка на испитот за студентите од втор циклус на студии на Факултетот за правни науки.

19. „*Трговско право*", Скопје, 2015 – авторизирани предавања, во кои се содржани основни содржини за проучување на наставната дисциплина Трговско право од теоретски, законски и практичен аспект и се користи како материјал за подготовка на испитот на студентите од прв циклус студии на Факултетот за правни науки при ЕУРМ.

20.„*Социјално право*", Скопје, 2018 – трудот е приспособен на наставната програма по истоимениот предмет кој се изучува на правните студии. Во воведните делови од ракописот се елаборираат појдовните содржини и методолошкиот пристап во проучувањето на темите и прашањата од сферата на социјалното право. Така, се определува предметот на проучување на наставната дисциплина, односите со сродни правни гранки (како што се уставното право, трудовото право, управното право) и допирните областа со социолошки дисциплини (како што се социјалната политика, социологијата на трудот, социологијата на модерното општество). Системски се разработуваат и категориите социјален ризик, социјаллни давања, законските основи на здравственото, социјалното, пензиското и инвалидското осигурување, со посебен преглед на македонската регулатива.

21. „*Социјално право*", Скопје, 2018 - Практикум за вежби кој се придржува до наставната програма, при што донесува конкретни изводи од законски и програмски акти и документи кои се однесуваат на најбитните категории и поими, потоа се наведуваат начините и можностите за активно и креативно учество на студентите во реализацијата на вежбите и се наведуваат можни теми и прашања за поширока студентска и академска елаборација.

Научноистражувачки проекти

22. „*Општествените димензии на изборниот процес - примерот на Република Македонија*", кој со Одлука на Ректорската управа на Европскиот универзитет - Република Македонија - Скопје (од 22.12.2014 година) се реализира како дел од научноистражувачката работа на ЕУРМ. Како дел од поширокиот истражувачки проект е трудот на доц. д-р Билјана Тодорова „Улога на Државната изборна комисија во изборниот процес". Во него се објаснува улогата на Државната изборна комисија во изборите, главно според Изборниот законик на Република Македонија. Се поаѓа од сознанието дека политичките и социјалните вредности можат да бидат реализирани само со несомнени легалитет и легитимитет на изборниот процес. Поради тоа, независното и непартиско фунционирање на изборните органи е од клучно значење.

Од обемот, видот и реалните права, обврски и надлежности на Државната изборна комисија, утврдени со Изборниот законик на РМ, како и со други акти, од кои еден дел ги донесува Комисијата, таа има централна улога во организирањето, текот и финализирањето на изборниот процес во земјата.

Од многубројните надлежности како суштински се издвојуваат именувањето општински и градска изборна комисија, потоа оперативноста во насочувањето на изборниот процес (субјекти, акти, постапки), потоа одлучувањето за ракување и чување на изборниот материјал, донесувањето одлуки по приговори, функцијата на известување и едуцирање на јавноста за целината на изборите (рокови, места, права и обврски на гласачите и слично) и посебно издавањето уверенија за конечен избор на претседателот на Република Македонија и на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Во анализата се предложени и препораки кои се конципирани за да помогнат во доградување на функцијата на ДИК во легален, легитимен, слободен, демократски и фер изборен процес. Втор голем простор за унапредување на работата и одлуките на ДИК е отворен во придржувањето до законските одредби и гласање според развиена политичка култура, а надминување на партиски влијанија и интереси.

23. Учество во научноистражувачки проект на тема „*Истражување на процесот на менаџирање на примената на институтот спогодување за вина во Република Македонија*“, организиран со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при ЕУРМ, на 118-та седница одржана на 16.1.2015 година.

**Наставно-педагошката дејност** на кандидатот проф. д-р Билјана Тодорова ги содржи сите елементи и видови активности во високообразовната дејност:
– предавања на повеќе предмети (со посебен дел на Трудовото право, Уставното право, Вовед во правото и Трговско право) од кои предметите Трудово право и Уставно право содржат проблематика од областа на која се избира;
– вежби и консултации на повеќе предмети (Трудово право, Уставно право, Вовед во правото, Трговско право, Меѓународно трговско право, Семејно и наследно право, Административно право, Управно-процено право, Право на индустриска сопственост);
– реализација на испити по повеќе предмети (Трудово право, Уставно право, Вовед во правото, Трговско право, Меѓународно трговско право, Право на индустриска сопственост);
– менторства на кандидати за дипломски трудови и магистерски работи и членување на комисии за одбрана на димпломски трудови, магистерски работи и докторски дисертации;
– издавање учебници и учебни помагала (вклучувајќи и од областа во која се избира);
– продекан за настава (во периодот од 2013-2017).

**Научноистражувачката дејност** на кандидатката се состои во следниве активности:
- објавени трудови во изданија со меѓународен карактер;
- учество во истражувачки проекти;
- учество на меѓународни конференции;
- учество во тимови за подготовка на елаборати за акредитација (правни науки);
- член на организациски одбор за меѓународни научни конференции;
- моделирање меѓународни научни конференции;
- учествово работилници (на теми: Дали на Република Македонија и треба нов Устав; Каква работа посакувам на каква се надевам; Науката во функција на општственият развој);
- моделирање работилници;
- медиумски настани во печатени медиуми (за образовните предизвици на правните студии, за усогласеноста на македонскиот образовен систем по право со европските наставни програми, за социјалните аспекти на вработувањето и невработеноста).

Наведените факти и податоци ја потврдуваат наставно-педагошката и научноистражувачката дејност на кандидатката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци иелаборираните информации за наставно-образовната и научноистражувачка активност на пријавената кандидатка за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област социјално право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека проф.д-р Билјана Тодорова во целост ги исполнува барањата на Конкурсот.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го констатира следново:

1.Кандидатката проф. д-р Билјана Тодорова има одбрането докторска дисертација од областа на трудовото право, која соодветствува на областа за која е распишан Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања;

2. Кандидатката по изборот во звање доцент на Факултетот за правни науки при Европски универзитет – Република Македонија, Скопје, има покажано голема активност на полето на наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ), стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА+ОР), при што може да се констатира дека ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа социјалното право.

3.Од списокот на објавените научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката проф. д-р Билјана Тодорова има објавено голем број трудови од областа на социјалното право во релевантни домашни и меѓународни научни публикации и мошне активно работи на истражувања од оваа област.

4. Преку досегашната работа и повеќегодишното искуство во академската област, како предметен наставник, кандидатката проф. д-р Билјана Тодорова се издвојува и докажува со стручност, академска зрелост и сериозен пристап во работењето во академската средина.

5. Стручно-апликативната надградба на кандидатката, докажана со приложените сертификати стекнати со присуство на многубројните научни конференции и стручни настани, несомнено покажуваат дека се работи за кандидат кој може да даде посебен придонес, како во унапредување на академската професија, така и во пренесување на стекнатите практични знаења на студентите.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип”, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката проф.д-р Билјана Тодорова во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа **социјално право.**

Оттаму, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и кандидатката **проф. д-р Билјана Тодорова да ја избере за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област социјално право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тодор Каламатиев, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Војо Беловски, вонреден професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Тито Беличанец, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**(Д-р Билјана Тодорова, период 2014 - 2018)**

| Р. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | 40 |
| Р. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | **Монографија или научна книга**<br>ред.бр. 20; | 1 | 10 | | | 10 |
| 4. | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор - 9, втор автор - 6, останати автори - 3)**<br>ред.бр. 3; ред.бр. 4; ред.бр. 5; ред.бр. 6; ред. бр. 7; ред.бр. 8; ред.бр. 9; ред.бр. 13; ред.бр. 14; ред.бр. 15; | 4<br>6 | 9<br>6 | | | 36+<br>36=72 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир**<br>ред. бр. 10; | 1 | 2 | | | 2 |
| 7. | **Секциско предавање на научен собир** | 2 | 2 | | | 4 |
| 9. | **Учество на научен собир со реферат (усно, потврдено со сертификат за учество)** | 4 | 1,5 | | | 6 |
| 10. | **Одбранета докторска теза** | 1 | 8 | | | 8 |
| 11. | **Одбранета магистерска работа** | 1 | 4 | | | 4 |
| 13. | **Учесник во научен проект**<br>ред.бр. 22; ред.бр. 23; | 2 | 2 | | | 4 |
| 19. | **Член на организационен или научен одбор на научен собир** | 1 | 1 | | | 1 |
| 23. | **Рецензент на научен труд** (СЦИ/ЦА/ **останати**) | 2 | 1 | | | 2 |
| | ВКУПНО | | | | | 113 |
| Р. бр. | СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | **Книга**<br>ред. бр. 17; | 1 | 10 | | | 10 |
| 4. | **Стручна монографија**<br>ред. бр. 18;ред. бр. 19;ред. бр. 21; | 3 | 3 | | | 9 |
| 7. | **Пленарно предавање на стручен собир**<br>ред. бр. 16; | 1 | 2 | | | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Учество на стручен собир со реферат (усно)** | 2 | 0.5 | | | 1 |
| **17.** | **Елаборати и експертизи**<br>Елаборат за изработка на прв циклус три годишни студии<br>Елаборат за изработка на втор циклус студии 3+2<br>Елаборат за изработка на втор циклус 4+1 | 3 | 2 | | | 6 |
| **24.** | **Продекан** | 1 | 8 | | | 8 |
| **27.** | **Член на универзитетски или владини тела**<br>Член на Универзитетски сенат<br>Универзитетска конкурсна комисија | 2 | 5 | | | 10 |
| **28.** | **Член на факултетски орган, комисија**<br>Комисија за за прием на документи за запишување на студенти на втор циклус на студии<br>Комисија за признавање на испити | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **50** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **203** |